На 15.05.2008 година, во посета на Македонската Правсолавна црковна општина „Св.Наум Охридски“ – Малме - беше бископот на Шведската црква за дијазета на Лунд Antje Jackelens со соработниците.

Од страна на парохискиот свештеник Прота-Ставрофор Блажо Кожарски гостите беа запознати со историјата на МПЦО во Малме. Потоа во црковните простории се одржа и состанок на тема „ Смрта и погреб во една повеќе културна перспектива“.

Во дискусијата по темата земаа учество покрај преставниците од Шведската црква , која е одговорна за одржување на гробиштата и преставници на Православната црква, Католичката црква, Еврејската заедница и Муслиманската заедница.